*РЖ ЕКОНОМИКА АД СКОПЈЕ*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ
ЗА ПЕРИОД 01.01-30.06.2023**

РЖ Економика АД Скопје во првата половина од 2023 год.забележа позитивен финансиски резултат и оствари нето добивка од 1.401.169,00 ден.

**а**.Друштвото нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

**б**.Оперативните приходи во износ од 10.254.572,00 ден. се на приближно ниво во однос на истиот период од претходната година,Во структурата на приходи од продажба кои бележат раст од 3% и натаму примарни се оние од реализација на резервни делови, а потоа следат истите по основа на наемнини и дадени услуги.
На крајот на првите шест месеци од оваа година,забележани се одредени ставки кај останатите оперативни приходи од работењето и кај финансиските приходи од вложувања.

**в**.Оперативните расходи во износ од 8.756.338,00 ден. бележат пад од 6% во однос на претходната година.Позначајно зголемување има кај трошоците за суровини и материјали од 48% и кај услугите со карактер на материјални трошоци од 62%.Во надолна линија од 37% се останатите трошоди од работењето и оние за вработените од 12%.
Финансиски расходи не се евидентирани во овој период од годината.

**г**.Не е исплатена дивиденда во првото полугодие од 2023 год.

**д**. Извршени се вложувања од 578.683,00ден.во материјални средства (за легализација на земјиште и реновирање на деловен простор за изнајмување)

**ѓ**. Друштвото нема кредитни задолжувања.

**е**.Условите за стопанисување во државата и непосредното работно окружување имаа значајно влијание врз нашето работење во првите

шест месеци од годината.И покрај сериозните предизвици на делување и носење одлуки, Друштвото успеа користејќи ги своите ресурси и потенцијал да го задржи нивото на продажба и обезбедување приходи кои донесоа значаен раст на финансискиот резултат во однос на претходната година.
За претстојниот период се планираат активности за откуп на градежно земјиште на кое се наоѓаат објекти на Друштвото, како и вложувања за адаптација и ставање во функција на досега неактивни сегменти од расположивиот деловен простор /канцелариски и магацински/ проследени со напори во насока на издавање на истиот.
Присутни се и заложбите за привлекување нови клиенти во дејноста поврзана со продажба на резервни делови од делокругот на работење на Друштвото /за машинска и индустриска опрема/.